СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 22 број 4	Чешиново-Облешево 26.03.2026 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002 и Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 202/2024) , а согласно член 19-а и член 23 од Законот за јавни претпријатија (,,Службен весник на Република Македонија,, 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, и 35/19 "Службен весник на Република Северна Македонија" 275/2019, 89/2022, 274/2022, 208/2024 и 193/25), Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево донесе:

О Д Л У К А
За распишување на јавен конкурс за избор на директор на ЈПКД Облешево

I. Општина Чешиново-Облешево објавува јавен конкурс за избор на директор на јавно претпријатие за комунални дејности "Облешево"- с.Облешево од причина што мандатот на В.Д Директорот именуван со Решение бр. 09-2356/1 од 11.11.2025 година и завршува на 11.05.2026 година;

II. За избор на директор се избира лице кое ги исполнува следниве услови:

1. е државјанин на Република Македонија;
2. има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
3. во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
4. има минимум 5 (пет) години работно искуство.
5. поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа:

- ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) – најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) – најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE Cambridge English:First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) С1 – најмалку 60 бода или
- АПТИС(APTIS)-најмалку ниво Б2(B2)

III. Заинтерисраните кандидати пријавата за учество на овој оглас, личната биографија и потребните документи за докажување на исполнувањето на условите од точка II на оваа одлука во оригинал или заверна копија на нотар, можат да го поднесат до општина Чешиново-Облешево на адреса ул. Маршала Тито бр.17 с.Облешево

IV. Со посебно решение да се формира тричлена комисија која ќе ги прегледа пристигнатите документи.

V. Оваа одлука ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиновов-Облешево и влегува во сила со донесувањето.

Бр.09-676/1 Општина Чешиново-Облешево
26.03.2026 год. Градоначалник
Облешево Јорданче Костадинов

СОДРЖИНА Стр.

1. **ОДЛУКА** За распишување на јавен конкурс за избор на директор на ЈПКД Облешево.....1
2. **СОДРЖИНА**.....1